Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

Сектор за анализа на политиките и координација

# Извештај

за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации
од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа
во 2025 година

Скопје, мај 2025 година

## 1. Вовед

Унапредувањето на системот на државно финансирање на граѓанските организации претставува една од најважните мерки содржани во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 година[1].

Финансирањето на граѓанските организации од Буџетот на Република Северна Македонија уредено е во Законот за здруженија и фондации и во Законот за игрите на среќа и за забавните игри. Други закони во кои е дадена можноста за финансиска поддршка на граѓанските организации се: Законот за животната средина, Законот за културата, Законот за спортот, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за социјалната заштита, Законот за инвалидски организации, Законот за јавно здравје, Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија и др. Средствата од Буџетот наменети за финансирање на активности на граѓанските организации се предвидени во буџетската ставка 463-Трансфери до невладини организации, меѓутоа класификацијата на расходи каде е содржано расчленувањето на 463, содржи потставки преку кои се поддржани и политички партии, месни заедници, спортски федерации итн. Буџетската ставка 463 не е единствената преку која се поддржани граѓанските организации. Одредени органи на државната управа распределуваат средства преку ставката 464-Разни трансфери, но анализата на трошењето на овие средства е отежната поради отсуство на јавно објавени податоци.

Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2025 година е подготвен врз основа на писмени известувања од министерствата, 78 општини и градот Скопје[2]. Согласно добиените известувања, во 2025 година доделени се вкупно 1.790.490.576 денари финансиска поддршка за 3.514 проекти/програми на здруженија и фондации, што претставува 0.49% од вкупните приходи планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година[3] и 11,88% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2025 година[4]. 69.57% од средствата (1.245.608.118 денари) се доделени по пат на јавен оглас, а 30.43% (544.882.458 денари) се доделени во постапка без јавен оглас.




Од вкупно доделените средства, 1.344.534.604 денари (75.09%) се доделени од централниот буџет, како финансиска поддршка за 1.417 проекти/програми на здруженија и фондации, а 445.955.972 денари (24.91%) се доделени од буџетот на единиците на локална самоуправа како финансиска поддршка за 2.097 проекти/програми на здруженија и фондации.







[1] Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028, усвоена на 90.седница на Владата, одржана на 8.7.2025 година

[2] Извештајот не содржи податоци за 2 општини: Гостивар и Липково, кои не одговорија на барањето на Генералниот секретаријат на Владата од 29.01.2026 година.

[3] Изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на РСМ" бр.151/25), приходи 362.377.000.000 денари

[4] 15.067.481.926 денари, извор: Централен регистар на Република Северна Македонија, Отворени податоци - Статистички билтен https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten?t=0&v=0&y=2025&ortg=14 проверено на 20.05.2026 год.

На барање на граѓанските организации и одржан состанок во Генералниот секретаријат на Владата со претставници на Македонскиот центар за меѓународна соработка Скопје (МЦМС) на 16.01.2026 година, во овој Извештај, во вкупно доделените средства на граѓански организации од централниот буџет и од буџетот на единиците на локалната самоуправа не се содржани средствата доделени на Црвениот крст на Република Северна Македонија и на општинските организации на Црвениот крст.

## 2. Број и вкупни приходи на граѓанските организации во 2025 година

Според отворените податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Статистички билтен[5], Трговски регистар и регистар на други правни лица, во групата на организационен облик 10.0 Општествени организации, фондации и здружение на граѓани, вкупниот број на субјекти во 2025 година е 28.904. Според Регистарот на годишни сметка, во истата група на организационен облик, годишни сметки или известување за немање на деловна активност, односно остварен приход помал од 2.500 евра во денарска противвредност, согласно Законот за сметководство на непрофитните организации за 2025 година поднеле 8.834[6] субјекти (активни организации), од кои 8.669 здруженија (263 социјално хуманитарни здруженија, 2.065 спортски здруженија, 280 културни здруженија, 274 професионални (струкови) здруженија, 78 еколошки здруженија и 5.709 останати организации) и 165 фондации. Вкупниот број на вработени во граѓанските организации во 2025 година е 2.564.

Графикон 1: Структура на граѓанското општество во 2025 година според група на организационен облик




Во однос на регионалната застапеност на граѓанските организации во државата, во 2025 година од вкупно 8.834 активни организации, 3.794 (42,95%) организации имаат седиште во Скопскиот плански регион, 1.102 организации (12,47%) во Пелагонискиот, 790 организации (8,94%) во Југозападниот, 748 организации (8,47%) во Полошкиот, 698 организации (7,9%) во Југоисточниот, 620 организации (7,02%) во Вардарскиот, 596 организации (6,75%) во Источниот и 486 организации (5,5%) во Североисточниот плански регион.

---

[5] Централен регистар на Република Северна Македонија, Отворени податоци - Статистички билтен https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten?t=0&v=0&y=2025&ortg=14 проверено на 20.05.2026 год.

[6] 3.484 организации поднеле годишни сметки за 2025 година, а 5.350 известувања за деловна неактивност, односно дека во 2025 година оствариле вкупен приход под 2.500 евра во денарска противвредност (https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten?t=1&v=0&y=2025&ortg=14 проверено на 20.05.2026 година)

Графикон 2: Регионална застапеност на граѓанските организации во Република Северна Македонија во 2025 година




Вкупните приходи на граѓанските организации во 2025 година, согласно податоците од статистичкиот билтен на Централниот регистар се 15.067.481.926 денари. Најголем дел од приходите, 11.631.633.168 денари (77,2%) оствариле граѓанските организации со седиште во Скопскиот плански регион, 870.171.013 денари (5,77%) во Пелагонискиот, 538.986.325 денари (3,58%) во Источниот, 483.055.633 денари (3,2%) во Полошкиот, 459.737.342 денари (3,05%) во Југозападниот, 401.628.963 денари (2,67%) во Југоисточниот, 362.600.331 денари (2,41%) во Вардарскиот и 319.670.151 денари (2,12%) со седиште во Североисточниот плански регион.

Графикон 3: Вкупни приходи на граѓанските организации во 2025 година, по плански региони




Бројот на активни организации во 2025 година (8.834), споредено со 2024 година (13.816), е намален за 36,06%, а нивните вкупно остварени приходи се зголемени за 1,03%.

Графикон 4: Активни граѓанските организации 2023-2025 година, по плански региони




Графикон 5: Вкупни приходи на граѓанските организации во 2023-2025 година, по плански региони




## 3. Финансиска поддршка на граѓанските организации во 2025 година од органите на државната управа

Во 2025 година финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво доделиле: Министерство за одбрана, Министерство за односи меѓу заедниците, Министерство за економија и труд, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за култура и туризам, Министерство за дигитална трансформација, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за спорт.

Во буџетот на Владата на Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, Министерство за европски прашања, Министерство за финансии, Министерство за енергетика, рударство и минерални

суровини, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за локална самоуправа, Министерство за јавна администрација  и Министерство за транспорт не биле предвидени средства за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Исто така, Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) на Министерството за финансии, во фондовите за календарската 2025 година, нема склучено, односно потпишано договори за грант на граѓански организации.

Во 2025 година од страна на органите на државната управа доделени се вкупно 1.344.534.604 денари финансиска поддршка за 1.417 проекти/програми на здруженија и фондации, од кои 1.050.816.068 денари (78.15%) се доделени по пат на јавен оглас на 764 граѓански организации, а 293.718.536 денари (21.85%) се доделени во постапка без јавен оглас на 653 организации.




Без јавен оглас е доделена финансиската поддршка од Министерството за одбрана и Министерството за спорт, како и дел од средствата од Министерството за образование и наука.

Министерството за односи меѓу заедниците и Министерството за дигитална трансформација ги консултирале граѓанските организации во врска со приоритетните цели за финансирање на здруженија и фондации. Министерството за култура и туризам континуирано е во контакт со граѓанските организации со оглед на фактот што истите во голема мера се застапени на годишните конкурси, а Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Македонски зелен центар секоја година организира годишна средба со граѓанските организации на која се презентираат приоритетите за финансирање во животната средина, учеството на граѓанските организации во донесувањето на одлуки, како и сите други прашања кои се наметнуваат при секојдневното дејствување. Во 2025 година, аплицирањето на годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата целосно е реализирано преку Националниот портал за е-услуги. Во Министерството за социјална политика демографија и млади, при утврдување на приоритетите за финансирање на проекти од област на младите се користени стратешки документи и претходни консултативни процеси со релевантни чинители (младински организации, организации за млади и младински чадор организации)  од младинскиот сектор.

Во однос на транспарентноста, во составот на комисиите за евалуација на предлог-проекти во институциите, во  Министерството за односи меѓу заедниците учествувале претставници на граѓанските организации – здружението за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ – „Заедно посилни Скопје“ и „Македонски центар за меѓународна соработка Скопје“, како претставници од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, а одлуките за распределба на средствата се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страниците на министерствата.

Кај сите органи на државната управа, корисниците на средства согласно договорите за реализација на проектите се обврзани да доставуваат годишен наративен и финансиски извештај, со детални податоци за реализација на активностите наведени во проектите, како и докази за наменска искористеност на средствата. Доколку се утврди дека доделените средства се користат спротивно на договорот, односно дека корисниците не се придржуваат до роковите и обврските утврдени во договорот, се прекинува понатамошното финансирање на проектот и се поведува постапка за враќање на доделените средства.

Табела 1: Преглед на доделена финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво за 2025 година (во денари)

| Министерство | Вкупно доделени средства | Со јавен повик | Без јавен повик | Вкуп -но ГО | ГО со јавен повик | ГО без јавен повик | Доделени средства за спорт | Број на ГО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за одбрана | 1,999,967 | - | 1,999,967 | 1 | 0 | 1 | | |
| Министерство за односи меѓу заедниците | 19,653,125 | 19,653,125 | - | 33 | 33 | 0 | 600,000 | 1 |
| Министерство за економија и труд | 1,408,785 | 1,408,785 | - | 7 | 7 | 0 | | |
| Министерство за здравство | 12,521,214 | 12,521,214 | - | 20 | 20 | 0 | | |
| Министерство за образование и наука | 5,226,614 | 4,057,841 | 1,168,773 | 11 | 9 | 2 | | |
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | 855.048.257 | 855.048.257 | - | 104 | 104 | 0 | | |
| Министерство за култура и туризам | 130,400,069 | 130,400,069 | - | 472 | 472 | 0 | | |
| Министерство за дигитална трансформација | 5,026,777 | 5,026,777 | - | 5 | 5 | 0 | | |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 22,700,000 | 22,700,000 | - | 114 | 114 | 0 | 100,000 | 1 |
| Министерство за спорт | 290,549,796 | - | 290,549,796 | 650 | 0 | 650 | 290,549,796 | 650 |
| Вкупно | 1,344,534,604 | 1,050,816,068 | 293,718,536 | 1417 | 764 | 653 | 291,249,796 | 652 |

Графикон 4: Пет министерства најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво во 2025 година



**Министерството за одбрана** во Буџетот за 2025 година, на ставка 463 Трансфери до невладини организации имаше планирано 2.600.000 денари, а се реализирани 1.999.967 денари, кои согласно Законот за одбрана, беа доделени на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија, за учество во обуката и подготовките за упатување на припадниците на резервните сили на Армијата. Министерството го поддржува сеопфатниот и одржлив пристап кон создавање услови за соработка, ценејќи го притоа придонесот на граѓанскиот сектор и неговата значајна улога за развој на општеството.

**Министерството за односи меѓу заедниците** во 2025 година, по пат на јавен оглас, додели 19.653.125 денари на 33 здруженија. Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РСМ" бр.121/25) е донесена од Владата на 03.06.2025 година, согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година („Службен весник на РСМ" бр. 33/25).

**Министерството за економија и труд** во 2025 година, по пат на јавен оглас, согласно Програмата за заштита на потрошувачите за 2025 година потпиша седум договори со здруженија за заштита на потрошувачите и додели вкупно 1.408.785 денари. Средствата се реализирани со Буџетот на Министерството за економија и труд, ставка 464-Разни трансфери, потпрограма 15-Внатрешен пазар, како преземена обврска од претходната година. Исто така, во Програмата за развој на претприемништво и конкурентноста на малите и средните претпријатија за 2025 година, беше предвидена мерка 5 – Кофинансирање на проекти на фондации и здруженија за развој и промоција на претприемништво и занаетчиство и за истата беа предвидени средства 7.000.000 денари во ставка 464-разни трансфери потпрограма ДГ-Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија. Со изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на РСМ" бр.151/25) овој износ се намали на нула и мерката не беше спроведена.

**Министерството за здравство** во 2025 година, по пат на јавен оглас, додели вкупно 12.521.214 денари, на 20 здруженија, со цел реализација на активности во рамките на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на РСМ" бр.40/25) и тоа за: Превенција на ХИВ кај клучните популации - програми за МСМ, 2.499.900 денари на 1 здружение; Превенција на ХИВ кај клучните популации - програми за ЛИД, 3.799.077 денари на 8 здруженија; Превенција на ХИВ кај клучните популации - програми за сексуалните работници (СР) 2.568.240 денари на 6 здруженија; Позитивна превенција и психосоцијална поддршка кај лица со ХИВ и нивни партнери со превенција кај МСМ 539.000 денари на 1 здружение; Активности за теренско и стационарно ХИВ тестирање и советување кај клучните популации 1.049.997 денари на 2 здруженија; Психосоцијална поддршка за лица што се лекуваат од зависност од дрога, 385.000 денари на 1 здружение и Активности за дијагноза и третман на СПИ и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај клучните популации и млади лица, 1.680.000 денари на 1 здружение.

**Министерството за образование и наука** во 2025 година, додели вкупно 5.226.614 денари на 11 граѓански организации, од кои 4.057.841 денари се доделени на 9 граѓански организации врз основа на јавен оглас, додека останатите 1.168.773 денари се доделени на 2 граѓански организации без јавен оглас. Со јавен оглас од Програма 2 – Основно образование се доделуваат средства на акредитирани здруженија на наставници од областа на математиката, информатиката и природните науки, согласно член 45 од Законот за основното образование. Министерството, на барање на акредитираните здруженија на наставници за учество на еден меѓународен натпревар, може во текот на една година да ги покрие трошоците за котизација и пат на најмногу шест ученици и најмногу 3 ментори, чиј број зависи од правилата на организаторите на меѓународниот натпревар. Со јавен оглас од Програма 3 – Средно образование се доделуваат средства на акредитирани здруженија на наставници од областа на математиката, информатиката и природните науки, согласно член 246 од Законот за средно образование. Министерството, на барање на акредитираните здруженија на наставници за учество на олимпијади,

може во текот на една година да ги покрие трошоците за котизација и пат на најмногу шест ученици и најмногу 2 ментори. Без јавен оглас од Програма 7 – Научно истражувачка работа – се доделуваат средства согласно Законот за поттикнување и помагање на техничката култура („Службен весник на РСМ" бр.53/2000).

**Министерството за социјална политика, демографија и млади**, во 2025 година додели вкупно 858.348.365 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации, од кои 811.857.474 денари на лиценцирани даватели на социјални услуги. Врз основа на Јавен повик за обезбедување на средства за давање на социјални услуги од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и Јавен конкурс за доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги, објавени на 24.12.2024 година, а согласно Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка, за дневен престој, за привремен престој, на советување и за одмена на семејна грижа за 2025 година, пресметани согласно Методологија за формирање на цени на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на РСМ" бр.264/19), склучени се вкупно 83 управни договори (29 управни договори со општини и лиценцирани даватели на социјални услуги и 54 управни договори со лиценцирани даватели на социјални услуги), за кои Министерството за социјална политика, демографија и млади во 2025 година исплати вкупно 811.857.474 денари. Истовремено, согласно Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженијата за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2025 година ("Службен весник на РСМ" бр.57/25) и Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ" бр. 59/25), Министерството доделило 36.849.781 денари на 8 национални инвалидски организации и 4.473.450 денари на 5 граѓански организации за борба против семејното насилство. Исто така, согласно Националната стратегија за млади (2023–2027) и Јавен повик за финансиска поддршка на здруженија и фондации објавен на 4.08.2025 година, Министерството доделило 1.867.552 денари на 8 граѓански организации, за проекти од област на младите.

**Министерството за култура и туризам** во 2025 година доделило вкупно 130.400.069 денари на 472 здруженија, согласно Законот за култура и врз основа на годишни конкурси за финансирање на проекти од национален интерес по одделни област и активности од културата, за следните области: меѓународна дејност 16.882.869 денари за 67 проекти на здруженија; драмска дејност 22.014.500 денари за 42 проекти на здруженија; музичка и музичко-сценска дејност 35.429.000 денари за 75 проекти на здруженија; фолклор 22.891.300 денари за 86 проекти на здруженија; визуелна дејност, архитектура и дизајн 6.858.200 денари за 43 проект на здруженија; креативни индустрии 5.623.000 денари за 16 проекти на здруженија; издавачка дејност и литература 12.882.270 денари за проекти на 93 здруженија; библиотечна дејност 753.000 денари за 4 проекти на здруженија; заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизуелните добра 2.252.000 денари за 15 проекти на здруженија и музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство 4.813.930 денари за 31 проекти на здруженија. Годишните конкурси се објавуваат во септември, за наредната година, на веб-страницата на министерството и во средствата за јавно информирање и траат најмалку 30 дена. Аплицирањето на годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2025 година целосно се спроведуваше преку Националниот портал за е-услуги. Оцена на пријавите за финансирање на проекти од годишните конкурси вршат стручни комисии, односно надворешни соработници на министерот за култура и туризам, во рок од 45 дена од денот на завршување на конкурсите.

**Министерството за дигитална трансформација**, по пат на јавен повик од 2025 година и врз основа на потпишан конзорциумски договор бр.08-462/1 од 27.08.2024 година за имплементација на

проектот MKSafeNet/Центар за побезбеден интернет, додели вкупно 5.026.777 денари на 5 граѓански организации.

**Министерството за животна средина и просторно планирање** во 2025 година, врз основа на член 175 став 1 од Законот за животната средина и Програмата за инвестирање во животна средина за 2025 година („Службен весник на РСМ" бр.29/25), по пат на јавен оглас (Конкурс за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година), додели вкупно 22.700.000 денари на 114 здруженија, за поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата, како и за реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа животна средина.

**Министерството за спорт** во 2025 година додели вкупно 290.549.796 денари на 650 организации, без јавен повик. Од нив, согласно Програмата за распределба на средства од игрите на среќа и забавните игри за 2025 година за финансирање на националните спортски федерации и активности и проекти за промоција и унапредување на спортот во Република Северна Македонија, Потпрограма 20 - Спорт и Програмата за развој на спорт и млади за 2025 година, Потпрограма 40-Меѓународна програма, доделени се 37.000.000 денари на 26 спортски федерации. Останатите средства се доделени без јавен повик од Потпрограма 50 - Субвенции од областа на спортот, ставка 463-Трансфери до невладини организации, на спортски клубови и федерации[7], врз основа на поднесени годишни програми.

## 4. Финансиска поддршка на граѓанските организации во 2025 година од единиците на локалната самоуправа

Финансирањето на граѓанските организации од страна на единиците на локалната самоуправа произлегува од Законот за здруженија и фондации (член 49). Од вкупно 80 општини и градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, 78 општини доставија известување за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2025 година. Согласно доставените податоци, град Скопје и 71 општина имаат доделено средства за финансиска поддршка на здруженија и фондации, при што во 17[8] од нив средствата во целост биле доделени преку **јавен оглас**, во 30[9] општина средствата во целост биле доделени **без јавен оглас**, а кај останатите 24[10] општини, како и град Скопје, дел од средствата биле распределени со јавен оглас, а дел биле доделени без јавен оглас. Општините Арачиново, Брвеница, Желино, Зрновци, Петровец, Пласница и Центар Жупа известија дека не доделиле средства на граѓански организации во 2025 година. Општините Гостивар и Липково не доставија податоци за финансиска поддршка на здруженија и фондации. Во 2025 година, од страна на општините доделени се вкупно 445.955972 денари како финансиска поддршка за 2.097 проекти/програми на здруженија и фондации,

---

[7] Според доставеното известување од Министерството за спорт, од Потпрограмата 50 – Субвенции од областа на спортот, исплатени се 414.312.671 денари на 956 спортски субјекти. Во Извештајот не се земени предвид средствата исплатени на индивидуални спортисти и на спортски клубови кои согласно член член 6-а од Законот за спортот се регистрирани како акционерски друштва.

[8] Богданци, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Кавадарци, Кисела Вода, Кочани, Крива Паланка, Крушево, Македонска Каменица, Неготино, Радовиш, Свети Николе, Старо Нагоричане, Чаир, Чучер Сандево и Шуто Оризари

[9] Аеродром, Боговиње, Босилово, Василево, Вевчани, Врапчиште, Дебрца, Демир Капија, Демир Хисар, Долнени, Зелениково, Илинден, Јегуновце, Конче, Кратово, Кривогаштани, Маврово и Ростуше, Македонски Брод, Могила, Новаци, Ново Село, Пехчево, Ранковце, Ресен, Росоман, Сопиште, Струга, Студеничани, Чашка и Чешиново-Облешево

[10] Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Градско, Дебар, Делчево, Дојран, Кавадарци, Карпош, Кичево, Куманово, Лозово, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Сарај, Струмица, Теарце, Тетово, Центар и Штип

од кои 194.792.050 денари (43,68%) се доделени по пат на јавен оглас, а останатите 251.163.922 денари (56,32%) се доделени без објавување на јавен оглас.

Вкупно доделени средства од општините во 2025 - 445.955.972 денари

Преку јавен оглас - 194.792.050 денари (43.68%)

Без јавен оглас - 251.163.922 денари (56.32%)

При утврдување на приоритетите за финансирање и пред донесување на буџетот, град Скопје и општините Берово, Вевчани, Велес, Виница, Гевгелија, Градско, Дебар, Делчево, Демир Капија, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Крива Паланка, Куманово, Македонска Каменица, Новаци, Охрид, Пробиштип, Старо Нагоричане, Струга, Струмица, Центар, Чучер Сандево, Штип, Шуто Оризари и други, организирале јавни расправи, буџетски форуми, инфо денови или работни состаноци, на кои учествувале претставници на граѓански организации.

Огласите за финансиска поддршка општините најчесто ги објавуваат во Службен гласник на општината, веб-локацијата на општината, огласната табла на општината и во локални медиуми, додека критериумите и постапката за избор се утврдени во соодветни документи кои ги носи Советот на општината. Финансиската поддршка најчесто се спроведува преку програмите за локален економски развој, култура, спорт и млади, образование, здравствена, детска и социјална заштита, еднакви можности и сл., а дел од општините имаа и посебни програми за финансиска поддршка на здруженија и фондации, како на пример: општина Аеродром- Програма за остварување соработка со здруженија и фондации и Програма за доделување спонзорства и донации, Битола – Програма за социјална заштита, Програма за спорт и млади, Програма за култура, Програма за туризам, Програма за еднакви можности и Програма за економски развој; Богданци – Програма за финансирање на активности од областа на спортот и културата; Гази Баба-Програма за јавни дејности, Ѓорче Петров – Годишна програма за активности во областа на културата и поддршка на невладиониот сектор и Годишна програма за активности во областа на спортот и поддршката на невладиниот сектор, Кавадарци – Програма за поддршка на невладиниот сектор, Пробиштип - Програма за локален економски развој и заштита на животната средина, град Скопје - Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита. Дел од општините, како на пример: Бутел, Велес, Гази Баба, Делчево, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Крива Паланка, Куманово, Македонска Каменица, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Свети Николе, Старо Нагоричане, Центар, Чашка и други имаат правилници за условите, начинот и постапката за доделување на финансиски средства од буџетот на општината или методологија за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од буџетот на општината на здруженија и фондации (Крушево, Радовиш и др.). Кај дел од општините, како на пример Боговиње, Босилово, Василево, Вевчани, Демир Капија, Демир Хисар, Долнени, Желино, Зрновци, Илинден, Јегуновце, Конче, Кратово, Кривогаштани, Маврово и Ростуше, Македонски Брод, Новаци, Ново Село, Ранковце, Ресен, Росоман, Сопиште, Студеничани, Чешиново-Облешево и други, средствата се доделуваат без јавен оглас, со одлука на Совет и решение за исплата од страна на градоначалникот. Кај овие општини, врз основа на годишните програми и поединечните барања на граѓанските организации, Советот на општината носи одлука за висината на финансиските средства во рамките на планираниот буџет за тековната година.

Според добиените известувања, општините Кавадарци, Куманово и Крива Паланка користат ЛОД методологија, усвоена со одлука на Советот на општината и истата се применува при спроведување на јавни повици за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

Во составот на комисиите за евалуација на предлог-проектите кај најголем дел од општините не учествувале претставници на граѓанските организации, со исклучок на општините Виница, Врапчиште, Кавадарци, Крива Паланка, Радовиш, Старо Нагоричане, Струмица и Штип, каде претставници на граѓански организации биле вклучени во комисиите за евалуацијата на предлог-проектите. Општина

Куманово континуирано објавува повик за учество на претставник на граѓански сектор како набљудувач во Комисијата за евалуација, но сепак претставниците од граѓанските организации не покажуваат интерес за учество во процесот.

Речиси сите општини кои имаат доделено средства по пат на јавен оглас во 2025 година, одлуките за распределба на средствата ги имаат објавено во Службен гласник на општината, на официјалната веб-локација на општината, официјален Facebook профил на општината или огласната табла на општината, а најголем дел од нив доставиле и известување до здруженијата на кои им се доделени средства за финансиска поддршка.

Согласно договорите за финансиска поддршка кои се потпишуваат помеѓу градоначалникот на општината и здружението/фондацијата, општините го следат спроведувањето на одобрените проекти преку проверка на завршните извештаи кои содржат наративен и финансиски дел. Кон наративниот дел најчесто се приложуваат пропратни анекси, како медиумски записи, фотографии, печатени материјали, листи на присутни, линкови од објавени информации од медиуми и сл. додека финансискиот дел содржи докази за наменски направени трошоци, како на пример: фактури, изводи од банкарска сметка, налози за плаќање и слично.

Табела 2: Преглед на доделени средства во 2025 година на здруженија и фондации на локално ниво (во денари)

| Општина | Вкупно доделени средства | Со јавен повик | Без јавен повик | Вкупно ГО | ГО со јавен повик | ГО без јавен повик | Доделени средства за спорт | Број на ГО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Аеродром | 3,050,000 | - | 3,050,000 | 7 | 0 | 7 | 300,000 | 1 |
| Арачиново | - | - | - | 0 | 0 | 0 | 1,900,000 | 2 |
| Берово | 1,687,000 | 1,480,000 | 207,000 | 10 | 6 | 4 | 75,029,667 | 96 |
| Битола | 88,981,467 | 5,901,800 | 83,079,667 | 244 | 186 | 58 | 2,130,000 | 9 |
| Богданци | 2,590,000 | 2,590,000 | - | 17 | 17 | 0 | - | 0 |
| Боговиње | 438,000 | - | 438,000 | 7 | 0 | 7 | - | 0 |
| Босилово | 1,747,500 | - | 1,747,500 | 16 | 0 | 16 | - | 0 |
| Брвеница | - | - | - | 0 | 0 | 0 | - | 0 |
| Бутел | 375,000 | 375,000 | - | 3 | 3 | 0 | - | 0 |
| Валандово | 1,855,000 | 1,375,000 | 480,000 | 19 | 13 | 6 | 1,015,000 | 9 |
| Василево | 336,000 | - | 336,000 | 8 | 0 | 8 | 85,000 | 4 |
| Вевчани | 380,000 | - | 380,000 | 1 | 0 | 1 | - | 0 |
| Велес | 13,088,000 | 3,212,000 | 9,876,000 | 65 | 5 | 60 | 7,491,000 | 29 |
| Виница | 3,044,575 | 3,036,575 | 8,000 | 17 | 16 | 1 | 2,119,575 | 6 |
| Врапчиште | 278,000 | - | 278,000 | 7 | 0 | 7 | 124,000 | 3 |
| Гази Баба | 3,940,000 | 3,940,000 | - | 85 | 85 | 0 | - | 0 |
| Гевгелија | 12,980,966 | 10,809,700 | 2,171,266 | 100 | 80 | 20 | 6,640,000 | 35 |
| Гостивар | | | | | | | | |
| Градско | 2,058,000 | 1,500,000 | 558,000 | 4 | 1 | 3 | 368,000 | 1 |
| Дебар | 3,843,000 | 3,473,000 | 370,000 | 27 | 26 | 1 | 1,810,000 | 8 |
| Дебрца | 1,155,000 | - | 1,155,000 | 25 | 0 | 25 | 685,000 | 12 |
| Делчево | 227,000 | 170,000 | 57,000 | 10 | 8 | 2 | 42,000 | 1 |
| Демир Капија | 972,738 | - | 972,738 | 6 | 0 | 6 | 110,000 | 2 |
| Демир Хисар | 432,000 | - | 432,000 | 9 | 0 | 9 | 250,000 | 2 |
| Дојран | 2,930,000 | 2,330,000 | 600,000 | 11 | 10 | 1 | 1,600,000 | 4 |
| Долнени | 92,000 | - | 92,000 | 5 | 0 | 5 | 60,000 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ѓорче Петров | 2,993,003 | 2,993,003 | - | 37 | 37 | 0 | 1,301,100 | 12 |
| Желино | - | - | - | 0 | 0 | 0 | - | 0 |
| Зелениково | 100,000 | - | 100,000 | 1 | 0 | 1 | 100,000 | 1 |
| Зрновци | - | - | - | 0 | 0 | 0 | - | 0 |
| Илинден | 1,786,555 | - | 1,786,555 | 18 | 0 | 18 | 1,481,555 | 10 |
| Јегуновце | 25,000 | - | 25,000 | 1 | 0 | 1 | - | 0 |
| Кавадарци | 3,506,760 | 1,024,705 | 2,482,055 | 17 | 12 | 5 | - | 0 |
| Карбинци | 1,600,000 | 1,600,000 | - | 1 | 1 | 0 | - | 0 |
| Карпош | 8,552,459 | 8,052,459 | 500,000 | 53 | 52 | 1 | 2,900,000 | 30 |
| Кисела Вода | 2,012,000 | 2,012,000 | - | 29 | 29 | 0 | - | 0 |
| Кичево | 9,140,000 | 8,625,000 | 515,000 | 59 | 57 | 2 | 5,515,000 | 20 |
| Конче | 4,023,850 | - | 4,023,850 | 19 | 0 | 19 | 782,000 | 3 |
| Кочани | 3,050,500 | 3,050,500 | - | 46 | 46 | 0 | 2,868,000 | 32 |
| Кратово | 404,000 | - | 404,000 | 6 | 0 | 6 | 398,000 | 5 |
| Крива Паланка | 6,950,000 | 6,950,000 | - | 18 | 18 | 0 | 1,980,000 | 11 |
| Кривогаштани | 12,000 | - | 12,000 | 1 | 0 | 1 | 12,000 | 1 |
| Крушево | 405,000 | 405,000 | - | 10 | 10 | 0 | 300,000 | 6 |
| Куманово | 43,239,100 | 17,369,100 | 25,870,000 | 145 | 122 | 23 | 21,370,000 | 21 |
| Липково | | | | | | | | |
| Лозово | 1,176,000 | 1,150,000 | 26,000 | 6 | 4 | 2 | 300,000 | 2 |
| Маврово и Ростуше | 798,000 | - | 798,000 | 16 | 0 | 16 | - | 0 |
| Македонска Каменица | 10,700,000 | 10,700,000 | - | 21 | 21 | 0 | 8,979,996 | 9 |
| Македонски Брод | 220,000 | - | 220,000 | 5 | 0 | 5 | - | 0 |
| Могила | 1,185,000 | - | 1,185,000 | 25 | 0 | 25 | 930,000 | 16 |
| Неготино | 360,000 | 360,000 | - | 8 | 8 | 0 | - | 0 |
| Новаци | 3,124,900 | - | 3,124,900 | 21 | 0 | 21 | 2,386,900 | 9 |
| Ново Село | 1,320,000 | - | 1,320,000 | 12 | 0 | 12 | 1,090,000 | 7 |
| Охрид | 87,636,967 | 27,870,967 | 59,766,000 | 222 | 195 | 27 | 72,460,000 | 127 |
| Петровец | - | - | - | 0 | 0 | 0 | - | 0 |
| Пехчево | 145,000 | - | 145,000 | 3 | 0 | 3 | - | 0 |
| Пласница | - | - | - | 0 | 0 | 0 | - | 0 |
| Прилеп | 4,852,000 | 4,525,000 | 327,000 | 145 | 137 | 8 | 2,152,000 | 52 |
| Пробиштип | 3,657,000 | 2,937,000 | 720,000 | 14 | 12 | 2 | 2,470,000 | 7 |
| Радовиш | 5,728,200 | 5,728,200 | - | 41 | 41 | 0 | - | 0 |
| Ранковце | 50,000 | - | 50,000 | 1 | 0 | 1 | - | 0 |
| Ресен | 277,000 | - | 277,000 | 6 | 0 | 6 | - | 0 |
| Росоман | 1,278,000 | - | 1,278,000 | 6 | 0 | 6 | 700,000 | 2 |
| Сарај | 1,988,040 | 1,948,040 | 40,000 | 13 | 12 | 1 | - | 0 |
| Свети Николе | 1,370,000 | 1,370,000 | - | 16 | 16 | 0 | - | 0 |
| Град Скопје | 11,724,000 | 8,574,000 | 3,150,000 | 59 | 55 | 4 | 4,509,000 | 22 |
| Сопиште | 170,000 | - | 170,000 | 2 | 0 | 2 | - | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Старо Нагоричане | 220,000 | 220,000 | - | 5 | 5 | 0 | 100,000 | 1 |
| Струга | 2,443,000 | - | 2,443,000 | 50 | 0 | 50 | 710,000 | 18 |
| Струмица | 30,475,295 | 4,155,811 | 26,319,484 | 37 | 37 | | 10,347,819 | |
| Студеничани | 83,907 | - | 83,907 | 4 | 0 | 4 | 20,000 | 1 |
| Теарце | 376,000 | 316,000 | 60,000 | 9 | 8 | 1 | 60,000 | 1 |
| Тетово | 8,750,000 | 1,500,000 | 7,250,000 | 8 | 8 | | 165,000 | 2 |
| Центар | 15,235,000 | 15,105,000 | 130,000 | 77 | 75 | 2 | 2,215,000 | 26 |
| Центар Жупа | - | - | - | 0 | 0 | 0 | - | 0 |
| Чаир | 585,000 | 585,000 | - | 13 | 13 | 0 | 175,000 | 2 |
| Чашка | 33,000 | - | 33,000 | | 0 | | - | 0 |
| Чешиново Облешево | 20,000 | - | 20,000 | 1 | 0 | 1 | - | 0 |
| Чучер Сандево | 900,000 | 900,000 | - | 3 | 3 | 0 | 600,000 | 2 |
| Штип | 14,193,190 | 13,972,190 | 221,000 | 80 | 76 | 4 | 11,215,000 | 50 |
| Шуто Оризари | 600,000 | 600,000 | - | 4 | 4 | 0 | 300,000 | 2 |
| Вкупно | 445,955,972 | 94,792,050 | 251,163,922 | 2097 | 1570 | 527 | 262,652,612 | 736 |

Најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации на локално ниво во 2025 година се општините: Битола, Охрид, Куманово, Струмица, Центар, Штип, Велес, Гевгелија, град Скопје и Македонска Каменица.

Графикон 5: Десет општини најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации на локално ниво во 2025 година (во денари)



## 5. Црвен крст на Република Северна Македонија

Црвениот крст на Република Северна Македонија (во натамошиот текст: Црвен крст) е доброволна, масовна, самостојна и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Северна Македонија, која ја сочинуваат организациите на Црвениот крст на општините и градот Скопје. Положбата и задачите на Црвениот крст се уредени со посебен закон, Законот за Црвениот крст на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ" бр.41/94, 7/97 и 21/98 и „Службен весник на РСМ" бр.101/19), а неговите задачи, согласно член 2 од Законот, се од јавен интерес и Црвниот крст ги врши како јавни овластувања. Од тие причини, Црвениот крст не е евидентиран во Листата на граѓански организации на Централниот регистар на Република Северна Македонија и на барање на граѓанските организации и одржан состанок во Генералниот секретаријат на Владата со претставници на Македонскиот центар за меѓународна соработка Скопје (МЦМС) на 16.01.2026 година, во вкупно доделените средства на граѓански организации од централниот буџет и од буџетот на единиците на локалната самоуправа прикажани во овој Извештај, не се содржани средствата доделени на Црвниот крст.

Во 2025 година, од централниот буџет на Црвениот крст се доделени 3.651.864 денари, од кои 3.066.664 денари од Министерството за социјална политика, демографија и малди, согласно Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2025 година и 585.200 денари од Министерството за здравство, согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2025 година (за превенција на ХИВ кај клучните популации-програми за СР во: Кичево, Велес и Прилеп).

Од буџетот на единиците на локалната самоуправа во 2025 година на Црвениот крст се доделени 19.092.000 денари, од кои: 250.000 денари од општина Берово, 2.182.000 денари од Битола, 520.000 денари од Валандово, 100.000 денари од Велес, 60.000 денари од Виница, 180.000 денари од Гевгелија, 10.000 денари од Градско, 30.000 денари од Илинден, 300.000 денари од Конче, 300.000 денар од Новаци, 2.330.000 денари од Охрид, 250.000 денари од Пробиштип, 10.000 денари од Радовиш, 30.000 денари од Ресен, 60.000 денари од Свети Николе, 980. 000 денари од општина Центар и 11.500.000 денари од град Скопје за поддршка на сервиси и услуги на дневни центри (Пункт и прифатилиште за бездомни лица; Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови; Работно ангажирање на помагатели на стари лица и лица со попреченост и Работна интеграција на жени во социјален ризик во социјалното претпријатие Копче).

## 6. Заклучни согледувања и препораки

Според податоците обезбедени при подготовка на овој Извештај, за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации во 2025 година биле издвоени вкупно **1.790.490.576 денари финансиска поддршка за 3.514 проекти/програми**, што претставува **0.49%** од вкупните приходи планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година и **11.88%** од вкупните остварени приходи на граѓанските организации во 2025 година.

69.57% од средствата (1.245.608.118 денари) се доделени по пат на јавен оглас, а 30.43% (544.882.458 денари) се доделени во постапка без јавен оглас.

Од вкупно доделените средства, 1.344.534.604 денари (75.09%) се доделени од централниот буџет, како финансиска поддршка за 1.417 проекти/програми на здруженија и фондации, а 445.955.972 денари (24.91%) се доделени од буџетот на единиците на локална самоуправа, како финансиска поддршка за 2.097 проекти/програми на здруженија и фондации.

Што се однесува до видот на програмите и проектите на организации што биле поддржани, најголем дел или 45,34% (811.857.474 денари) биле доделени од Министерството за социјална политика, демографија и млади, врз основа на договори со лиценцирани даватели на социјални услуги, а 30,94% (553.902.408 денари) за поддршка на спортски федерации, спортски здруженија или за спортски активности, од кои 291.249.796 денари (52,58%) од централниот буџет и 262.652.612 денари (47,42%) од буџетот на единиците на локалната самоуправа.

Споредено со 2024 година[11], финансиската поддршка за граѓанските организации во 2025 година од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа е **намалена за 8,63%**, а уделот на државно финансирање од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа за финансиска поддршка на граѓанските организации од вкупните приходи на граѓанските организации во 2025 година е **намален за 1,26%.**

Правилникот за класификација на расходите („Службен весник на РМ" бр.76/09 и 153/09 и „Службен весник на РСМ" бр.75/21 и 253/24) предвидува посебно конто, односно буџетска ставка 463-Трансфери до невладини организации, според која буџетските корисници треба да ја планираат финансиската поддршка на граѓанските организации. Сепак, дел од органите на државна управа предвидуваат средства за оваа намена и преку други ставки, како на пример: 464-Разни трансфери, 425-Договорни услуги и др. Со цел зголемување на транспарентноста и отчетноста во планирањето и обезбедувањето средства за финансиска поддршка на граѓанските организации, потребно е да се воведат механизми со кои ќе се осигура дека планирањето на овие средства ќе биде на контото 463, а само во исклучителни и специфични случаи тоа да се врши преку други конта во Буџетот на Република Северна Македонија.

Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 предвидува обезбедување буџетски средства за поддршка на граѓанските организации во вид на гарантен фонд, чија намена ќе биде финансиска поддршка на граѓански организации што аплицираат и се добитници на проекти од европски и други фондови, како што се ИПА фондовите, Хоризонт Европа, Клајмет Кик, ИнвестЕУ, Дигитал Европа и други, а за кои е потребен процент на учество, односно кофинансирање. Овие заложби се содржани во Предлог-законот за здруженија и фондации, објавен за консултации на Единствениот национален електронски регистар на прописи ЕНЕР на 31.12.2025 година, со кој се предвидува стандардизирање на постапката, условите и критериумите за распределба на финансиската поддршка на граѓанските организации од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа.

## 7. ПРИЛОГ: Табеларни прегледи на доделена финансиска поддршка на граѓански организации од органите на државна управа и единиците на локална самоуправа во 2025 година

[11] Во 2024 година од централниот буџет и од буџетот на единиците на локалната самоуправа (без град Скопје и 12 општини што не доставија податоци) доделени се вкупно 1.959.549.732 денари финансиска поддршка за 3.655 проекти/програми на здруженија и фондации, што претставува 0.64% од од вкупните остварени приходи на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (според Завршната сметка на Буџетот на РСМ за 2024 година) и 13.14% од вкупните остварени приходи на граѓанските организации во 2024 година.